АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25-11-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6715 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 26 октомври до 1 ноември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално–инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**
   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван од 26 октомври до 1 ноември 2015 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 17 часа 15 минути и 23 секунди музика;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 11 часа 31 минута и 1 секунда, а забавната музика со 5 часа 44 минути и 22 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 11 часа 10 минути и 14 секунди инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, од кои 7 часа 51 минута и 52 секунди народна и 3 часа 18 минути и 22 секунди забавна музика.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*